**СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**21.09.2010 година**
**Скопје**

СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA

# ОБВРСКИ НА РАБОТОДАВАЧИТЕ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

Со Законот за безбедност и здравје при работа (Службен весник на РМ, бр 92/07) се утврдуваат мерките за безбедност и здравје при работа, обврските на работодавачот и правата и обврските на вработените од областа на безбедноста и здравјето при работа, како и превентивните мерки против професионалните ризици, отстранувањето на ризичните фактори за несреќа, информирање, консултирање, обука на работниците и нивните претставници и нивно учество во планирањето и преземањето на мерки за безбедност и здравје при работа.

Согласно член 2 , Одредбите од овој закон се применуваат **во сите дејности на јавниот и приватниот сектор,** за сите лица осигурени од повреда на работното место или професионалните болести според прописите за пензиското, инвалидското и здравственото осигурување и за сите други лица кои се вклучени во работните процеси. (Не се применуваат во дејностите доколку со посебен пропис е регулирана оваа материја - вооружените сили, полицијата, во некои посебни активности на силите за заштита и спасување).

## Обврски одделно по носители

- **Владата на Република Македонија** (Согласно Член 4) , донесува Програма за безбедност и здравје при работа (во понатамошниот текст: Програма), со која се утврдува стратегијата за развој на безбедноста и здравјето при работа во врска со заштитата на животот, здравјето и работоспособноста на вработените и спречување на повреди при работа и професионални и други болести поврзани со работењето.

- **Работодавачот** (Согласно Член 4) има обврска да обезбеди безбедност и здравје при работа за неговите вработени од секој аспект поврзан со работата. Во рамките на неговите обврски, работодавачот мора да презема мерки потребни за безбедност и здравје при работа на вработените, вклучувајќи заштита од професионални ризици, обезбедување информации и обука и обезбедување соодветна организација и потребни средства.

Работодавачот има обврска да воведе такви заштитни мерки и да избере такви работни и **производствени методи** кои ќе го подобрат нивото на безбедноста и здравјето при работа, а ќе се вклучат во сите дејности на работодавачот и на сите нивоа на организацијата.

**Работници-** согласно Член 38**,** право и обврска на секој вработен е да се грижи за сопствената безбедност и здравје и за безбедноста и здравјето на другите лица кои работат со него, во согласност со обуките и инструкциите кои му се дадени од страна на работодавачот, да биде запознаен со мерките за безбедност и здравје при работа и да биде обучен за нивната примена.

## ОБВРСКИ НА РАБОТОДАВАЧОТ

**Работодавачот** има обврска да обезбеди безбедност и здравје при работа за неговите вработени од секој аспект поврзан со работата.

Тој мора да презема мерки потребни за безбедност и здравје при работа на вработените, вклучувајќи заштита од професионални ризици и **да воведе такви заштитни мерки и да избере такви работни и производствени методи кои ќе го подобрат нивото на безбедноста и здравјето при работа**, и тоа за сите дејности на работодавачот и на сите нивоа на организацијата.

## Главна задача на Работодавачот

- **да изработи проценки на ризици** , со правила да се елиминираат или да се намалат ризиците и опасностите во работата;

- да организира спроведување на безбедноста,

- да изготви и спроведе **изјава за безбедност за секое работно место,** прецизирајќи го начинот, како и мерките кои треба да се преземат.

## Спроведување на Мерките за безбедност

Работодавачот **ги спроведува мерките за безбедност и здравје при работа врз основа на следниве основни начела:**

- избегнување на ризици,
- проценување на ризиците кои не може да се избегнат,
- справување со ризиците на самиот почеток,

- прилагодување на работата кон поединецот, особено во однос на карактеристиките на работното место и работната средина,
- изборот на личната заштитна опрема,
- изборот на хемиски супстанци или препарати,
- изборот на работни и производни методи,
- спроведување на мерките потребни за одржување и зајакнување на здравјето,
- прилагодување кон технолошкиот напредок,
- замена на опасното со безопасно или помалку опасно,
- развивање на целосна безбедносна стратегија која опфаќа, технологија, организација на работа, работни услови, меѓучовечки односи и фактори кои влијаат врз работната средина,
- давање приоритет на колективните безбедносни мерки наспроти поединечните мерки и
- обезбедување на соодветни упатства и инструкции и известувања на вработените.

## Обезбедување на мерки за безбедност

Работодавачот мора да обезбеди мерки за безбедност и здравје при работа особено со:

- назначување на едно или повеќе стручни лица за безбедност,
- ангажирање на овластена здравствена установа за вршење стручни задачи за здравје при работа,
- донесување на безбедносни мерки против пожар во согласност со посебни прописи,
- донесување мерки за прва помош и евакуација во случај на опасност,
- обука на вработените за безбедно извршување на работата врз основа на сопствена програма,
- обезбедување опрема за лична заштита за вработените и нејзината употреба, доколку преземените безбедносни мерки во работната средина не се доволни,
- вршење повремени прегледи и испитување на работната средина и опрема и
- следење на здравствената состојба на вработните.

## Назначени стручни лица

Работодавачот мора да назначи еден или повеќе стручни лица за вршење на работите од областа на безбедноста при работа.

Примарни обврски на стручното лице се:

- советување на работодавачот за планирање, избор, купување и одржување на средствата за работа,
- советување на работодавачот за опремување на работното место и работната средина,

- изготвување на стручна основа за изјавата за безбеност,
- вршење на редовни и контролни прегледи на хемиските, физичките или биолошките ризици во работната средина,
- вршење на редовни и контролни прегледи и испитувања на работната опрема,
- вршење на внатрешен надзор над спроведувањето на мерките за безбедно извршување на работата,
- изработка на упатства за безбедно извршување на работата,
- следење и анализа на повредите поврзани со работењето, професионалните болести, идентификација на причините за истите и подготовка на извештаи за работодавачот, заедно со сите предложени безбедносни мерки и
- подготовка на програма и спроведување обуки на вработените за безбедно извршување на работата.

**Стручното лице може да ги врши задачите наведени во ставот, доколку има положено стручен испит за безбедност при работа и ги исполнува условите од членот 46 на овој закон**.

## Овластената здравствена установа

Примарни задачи на овластената здравствена установа во зависност од видот на дејноста која ја врши работодавачот, како и од видот и нивото на ризикот од повреди или нарушување на здравјето при работа се вршење превентивни здравствени прегледи на вработените во согласност со посебни прописи.

**Работодавачот мора да обезбеди здравствени прегледи за вработените најмалку на секои 18 месеци**.

## Обврски кон инспекцијата

Работодавачот е должен да го извести органот на државната управа надлежен за работите на инспекцијата на трудот за започнување со вршење на дејноста, осум дена пред започнување со истата.

Изведувачот на градежни објекти е должен пред започнување со градежните работи писмено да го извести органот на државната управа надлежен за работите на инспекцијата на трудот, за местото каде што ќе се изведуваат работите.

## Информирање на работниците

Работодавачот мора да ги информира вработените за безбедно извршување на работата преку **писмени известувања и упатства**. Во исклучителни случаи, кога вработените се изложени на непосредна опасност по нивното здравје или живот, такви известувања и упатства може да се пренесат и усно и во нив ќе се вклучат сите преземени мерки во однос на безбедноста при работа.

**Работодавачот мора на секој вработен да му обезбеди соодветни обуки за безбедност и здравје при работа:**

- **при вработување,**
- **во случај на преместување на ново работно место,**
- **во случај на воведување на нова технологија или нови средства за работа и**
- **во случај на секоја измена на работниот процес која може да го промени нивото на безбедноста и здравјето при работа.**

Организирањето и спроведувањето на обуката на вработените и нивните претставници ќе бидат на товар на работодавачот.

## Евиденција

Работодавачот е должен да води евиденција за:

- стручното обучување и оспособување на вработените за безбедна работа,
- извршените прегледи на средствата за работа,
- спроведените испитувања на физичките, хемиските и биолошките штетности и на микроклимата во работните и помошните простории, односно на работните места,
- претходните и периодичните здравствени прегледи на вработените и
- професионалните болести, заболувањата во врска со работата, повредите при работа и смртните случаи при работата.

## Овластени правни или физички лица

**Работодавачот** може обврските и работите на безбедноста и здравјето при работа да ги довери на **овластени правни или физички лица**, ако тој не е во можност или нема соодветни стручни вработени и техничка опременост да таквите работи и обврски самостојно да ги извршува. ( но даденото овластување, не го ослободува работодавачот од неговите одговорности во оваа област).

Министерот надлежен за работите од областа на трудот на правно или физичко лице кое ги исполнува условите во однос на вработени, организацијата, техничките и други услови, му издава **дозвола за вршење на следниве стручни работи:**

- проценка на ризикот,
- редовно тестирање и контрола на работната опрема,
- концепт за изјавата за безбедност,
- изработка и спроведување на програми за обука на вработените за безбедно извршување на работата и
- вршење на периодични мерења на хемиски, физички и биолошки штетности микроклиматски услови во работната средина.

## Изјава за безбедност

Секој работодавач мора да изготви и спроведе изјава за безбедност за секое работно место, прецизирајќи го начинот, како и мерките кои треба да се преземат.

Ако се променат условите или се појави нова опасност на работно место и во работната средина за која претходно е изготвена изјава, работодавачот мора да направи нова изјава за безбедност.

Изјавата за безбедност се заснова врз идентификација на опасноста и проценка на ризиците по безбедноста и здравјето на работното место и во работната средина на која се однесува изјавата за безбедност.

Работодавачите во рок од две години од денот на влегување во сила на овој закон ќе мора да **изготват и спроведат изјава за безбедност.**

## Инспекција

- Ако инспекторот за труд врз основа на надзор кај работодавачот утврди дека постои непосредна опасност по безбедноста и здравјето при работа на вработените, со решение ќе ја забрани работата во целост или на дел од опремата за работа, на дел од погони или на целиот технолошки процес.

- Ако утврдената повреда на прописите за безбедност и здравје при работа претставува недостаток за чие отстранување се потребни посебни инвестициони вложувања, а животот и здравјето на вработените не се непосредно загрозени, инспекторот за труд може со решение да му нареди на работодавачот да донесе посебна програма за постапно усогласување на постојната состојба, согласно со прописите.